Врз основа на член 7 и член 8 од Правилникот за работа на меѓународни проекти и соработки донесен од Училишниот одбор и заверен под број 01-955/1 од 18.10.2023 година, Директорот на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“-Охрид распишува:

К О Н К У Р С

за избор на **7 ученици**, кои ќе бидат вклучени во **Еразмус+ проектот 2025-1-TR01-KA210-SCH-000350496 - Upcycling Patterns** кој е финансиски поддржан и спроведуван во рамките на Erazmus+ програмата. Мобилностите ќе се изведат во текот на првото полугодие од учебната 2026-2027 година.

Учениците кои се заинтересирани да аплицираат за учество во овој проект треба да достават:

- Кратка биографија
- Мотивационо писмо (Зошто сакаш да се вклучиш во овој проект? На кој начин можеш да придонесеш во проектов?)
- Пополнат формулар (кој може да се преземе од школската веб страна https://emucohrid.edu.mk/)
- Ковертот со документацијата се доставува во канцеларијата на Сменоводителите во посебна назначена кутија за Erasmus и RYCO проекти,
- Конкурсот трае **од 22.4.2026 година до 28.4.2026 година.**
- На ковертот задолжително да се наведе за кој конкурс се однесува подготвената документација (Erazmus+ KA210)

Критериуми за избор на ученици за учество во проектот:

- познавање на англиски јазик
- учество на eTwinning проекти
- ученикот да е запишан во втора или трета година во образовниот
- поведение
- мотивационо писмо
- да имаат патна исправа/пасош со важност најмалку до јуни 2027
- предност ќе имаат учениците кои досега не учествувале на ваков тип размена

Во случај на исполнетост на основните критериуми од страна на повеќе кандидати, предност имаат ученици кои припаѓаат на ранлива категорија ученици односно ученици со помалку можности.

Дата и Место
21.4.2026
Охрид

ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“-Охрид
Директор
Сашо Недески